КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-7/1
03.04.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката на седница одржана на 03.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2024 година**

**Член 1**

Нераспределената добивка на Банката до 31.12.2024 година, во висина од 4.924.786.040 денари се распределува на:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Дивиденда за обични акции | ден. | 2.848.833.750 |
| 2. | Резерви | ден. | 1.915.952.290 |
| 3. | Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2025 година | ден. | 160.000.000 |
| | **ВКУПНО:** | **ден.** | **4.924.786.040** |

Со иден настан, до датумот 22.04.2025 г., кој е определен како датум на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2024 година, Банката преку посебен начин (врз основ на судско решение), а не по сопствена одлука, може да се стекне со сопствени акции.
Во сѐ уште активен процес на стечајната постапка против должник на Банката, Банката по основ на судско решение со иден датум може да се стекне со 558 сопствени акции. Износот распределен за дивиденда за 558 обични акции, вклучен во став 1 точка 1 од оваа одлука е 697.500 денари.

Согласно член 338 од Законот за трговски друштва и член 77 од Законот за банки, правата од стекнатите сопствени акции мируваат.

Доколку стекнувањето сопствени акции по пат на судско решение и упис на акциите во ЦДХВ, се случи до денот на носење на оваа одлука на Собранието на акционери, на 03.04.2025г., износот од 697.500 денари во став 1 од овој член, Банката ќе го прераспредели од точка 1. „Дивиденда за обични акции“ во точка 2. „Резерви на Банката“.

Доколку стекнувањето сопствени акции по пат на судско решение и упис на акциите во ЦДХВ, не се случи до денот на носење на оваа одлука на Собранието на акционери, на 03.04.2025 г., Банката ќе изврши распределба на нераспределената добивка за годината која завршува на 31.12.2024 година, согласно став 1 од овој член.

Доколку, стекнувањето сопствени акции по пат на судско решение и упис на акциите во ЦДХВ, се случи после денот на носење на оваа Одлука на Собранието на акционери, во периодот од 04.04.2025 г., но најдоцна до 22.04.2025 г., Банката после 04.04.2025 г., но не подоцна од 22.04.2025 г., ќе изврши измена на веќе спроведената распределба од ден 03.04.2025 г. (согласно став 6 од овој член), со што за износот од 697.500 денари ќе се спроведе дополнителна, нова распределба од „Дивиденда за обични акции“ во „Резерви на Банката“.

Доколку, стекнувањето сопствени акции по пат на судско решение и упис на акциите во ЦДХВ, се случи после 22.04.2025 г., Банката нема да врши измена на веќе спроведената распределба на добивка од ден 03.04.2025 г., согласно став 1 и став 6 од овој член.

Во иден период, со прием на судското решение и упис на акциите во ЦДХВ, ако се утврди стекнување на број на сопствени акции различен од бројот на сопствени акции наведен во став 3 од овој член, во тој случај ќе настане и соодветна измена на износот за прераспределба, образложен во ставовите 5 и 7 од овој член.

**Член 2**

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во готово.

**Член 3**

Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања (реинвестирана добивка) служи за развојни цели на Банката, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста, а со тоа и за остварување на правото за намалување на даночната основа на данок на добивка. Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања се вклучува во пресметката на редовниот основен капитал на Банката и го зголемува истиот, при што истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ќе биде ограничена за распределба на акционерите).

**Член 4**

Средствата за награда на Надзорниот одбор во износ од 5.305.000 денари, кои претставуваат трошок за Банката, да се распределат во готово.

Распределбата на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор ја извршува Одборот за воспоставување и спроведување на Политиката за наградување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев